„Кога бев воздигнат на Мирач, поминав покрај група луѓе со нокти од бакар, со кои ги гребеа своите лица и гради

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога бев воздигнат на Мирач, поминав покрај група луѓе со нокти од бакар, со кои ги гребеа своите лица и гради. Го прашав Џибрил: ‚Кои се овие луѓе?‘ Тој ми одговори: ‚Тоа се оние што се хранат со месото на луѓето (ги озборуваат) и ја погазуваат нивната чест.‘“

[حسن] [رواه أبو داود]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, раскажал дека во ноќта на Исра и Мирач, кога бил воздигнат на небото, поминал покрај група луѓе кои имале нокти од бакар, со кои си ги гребеле и кинеле своите лица и гради. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го прашал Џибрил, алејхис-селам: „Што направија овие луѓе за да бидат казнети на ваков начин?“ Џибрил, алејхи селам, одговорил: „Ова се оние што ги озборуваат луѓето и ја погазуваат нивната чест без право.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4229